Врз основа на член 19 став (1) точка 19) од Законот за ревизија (Службен весник на РМ, број 158/2010, 135/2011, 188/2013, 43/2014, 138/2014, 192/2015 и 23/2016 година), а во врска со член 25 став (7) точка 10) од Статутот на Институтот на овластени ревизори на Република Македонија (ИОРРМ), Управниот одбор на ИОРРМ на седницата одржана на - 21.12.2017 година ја донесе следната

**ГОДИШНА ПРОГРАМА**

**за работа на ИОРРМ за 2018 година**

1. Годишната програма за работа на ИОРРМ за 2018 година, се изработува врз основа на надлежностите уредени со Законот за ревизија (Службен весник на РМ, број 158/2010, 135/2011, 188/2013, 43/2014, 138/2014, 192/2015 и 23/2016 година) и Статутот на ИОРРМ.
2. Во текот на 2018 година, Институтот на овластени ревизори на РМ ќе ги спроведе следните активности:

| **Активност** | | **Рок за спроведување** |
|---|---|---|
| 1. | Водење на Регистар на ревизори, Регистар на овластени ревизори, Регистар на друштва за ревизија, Регистар на овластени ревизори – трговци поединци и Регистар на трајно одземени лиценци. | Годишна активност (01.01-31.12.2018) |
| 2. | Изготвување и усвојување на Годишна програма и Финансиски план на ИОРРМ за 2018 година. | Прво тримесечје на 2018 година |
| 3. | Изготвување и усвојување на Годишен извештај за работа на ИОРРМ за 2017 година | Прво тримесечје на 2018 година |
| 4. | Изготвување на Програма за Континуирано професионално усовршување на овластените ревизори за 2018 година, во согласност со најновите достигнувања во професијата. | Прво тримесечје на 2018 година |
| 5. | Организирање и спроведување на континуирано професионално усовршување. | Годишна активност (01.01-31.12.2018) |
| 6. | Организирање и спроведување на практични семинари од областа на ревизијата. | Годишна активност (01.01-31.12.2018) |

| | | |
|---|---|---|
| 7. | Организирање на обука за примена на ревизорската алатка (PACK PE). | Прво тримесечје на 2018 година |
| 8. | Изготвување упатства за изготвување на ревизорска документација. | Годишна активност (01.01-31.12.2018) |
| 9. | Организирање и спроведување на испит за стекнување на звањето ревизор. | Годишна активност (01.01-31.12.2018) |
| 10. | Донесување на тригодишна и годишна програма за контрола над членовите на Институтот. | Прво тримесечје на 2018 година |
| 11. | Спроведување на обука на овластените ревизори кои ќе спроведуваат контрола | Прво тримесечје на 2018 година |
| 12. | Спроведување контрола на квалитетот над членовите на Институтот. | Годишна активност (01.01-31.12.2018) |
| 13. | Преведување и објавување во ‘Службен весник на РМ‘ на Меѓународните стандарди за ревизија (МСР), Меѓународните стандарди за контрола на квалитет и Кодексот на етика за професионални сметководители на IFAC. | Годишна активност (01.01-31.12.2018) |
| 14. | Следење на примената на Меѓународните стандарди за ревизија (МСР), Меѓународните стандарди за контрола на квалитет и Кодексот на етика за професионални сметководители на IFAC кај друштвата за ревизија и кај овластените ревизори – трговци поединци. | Годишна активност (01.01-31.12.2018) |
| 15. | Промовирање на МСР и Кодексот на етика за професионални сметководители на IFAC. | Годишна активност (01.01-31.12.2018) |
| 16. | Спроведување на дисциплински постапки и изрекување мерки на членовите опоради повреда на МСР, Кодексот на етика за професионални сметководители на IFAC и актите на ИОРРМ. | Годишна активност (01.01-31.12.2018) |
| 17. | Издавање на Билтен на ИОРРМ. | Годишна активност (01.01-31.12.2018) |
| 18. | Соработка со регулаторни тела и институции во земјата. | Годишна активност (01.01-31.12.2018) |

| | | |
|---|---|---|
| 19. | Соработка со професионални организации на сметководители и ревизори и други професионални организации, во земјата и во странство. | Годишна активност (01.01-31.12.2018) |
| 20. | Усогласување на актите на ИОРРМ со Законот за измени и дополнувања на Законот за ревизија (Службен весник на РМ, 188/2013, 138/2014, 192/2015 и 23/2016 година). | Второ тримесечје на 2018 година |
| 21. | Изготвување на Правилник и методолошко упатство за контрола на конфликт на интереси. | Прво тримесечје на 2018 година |
| 22. | Изготвување и усвојување на Одлука за утврдување на минимален број на часови и Одлука за минимален надоместок по 1 час за ангажмани за законска ревизија. | Второ тримесечје на 2018 година |
| 23. | Стратегија на ИОРРМ за периодот 2018 - 2023 година | Второ тримесечје на 2018 година |

3. Оваа Годишна програма за работа на ИОРРМ за 2018 година стапува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се применува по добивање на согласност од страна на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Македонија.

**Борислав Атанасовски**
**Претседател на ИОРРМ**